# Служба за бесплатно преведување

## ПРОМЕНИ НА УСЛУГИТЕ ПОРАДИ КОРОНАВИРУСОТ КОВИД-19

Користењето на квалитетни преведувачки услуги е од клучно значење за луѓето кои немаат никакво или имаат слабо познавање на англискиот јазик додека трае ситуацијата со КОВИД-19.

Луѓето треба да ги користат преведувачките услуги каде што се достапни.

Дознајте повеќе за **КОВИД-19 и неговите симптоми**

## Што се Службата за бесплатно преведување (FIS)?

Услугите на Службата за бесплатно преведување ви се на располагање ако:

- сте во Австралија
- имате Medicare картичка; и
- не го владеете добро англискиот јазик

## Како да добијам бесплатно преведување?

Следниве даватели на услуги можат да побараат бесплатно преведување за ваши потреби::

- приватни лекари
- аптекари
- невладини организации
- агенции за недвижнини
- органи на локалната управа, како што се општините
- синдикати; и
- членови на парламентот.

За повеќе информации за овие услуги, погледнете **овде**.

Горенаведените даватели на услуги можат да ве поврзат со телефонски преведувач во рок од неколку минути, за да добиете точни информации и совети на вашиот јазик.

## Преведувачи

Националното тело за акредитација на преведувачи (NAATI), користи само квалификувани преведувачи. Тие се обврзани со професионален етички кодекс што бара од нив:

- информациите да ги преведуваат точно и чесно
- да ја одржуваат доверливоста
- да бидат непристрасни и објективни; и
- да се однесуваат професионално во секое време.

Принцип на Службата за бесплатно преведување е секогаш да го користи најдобро квалификуваниот преведувач на располагање. Поради оваа причина, барањето на одреден преведувач не се препорачува.

## Кои услуги ги обезбедува Службата за бесплатно преведување (FIS)?

- Непосредно толкување преку телефон. Оваа услуга е најкорисна за непланирано преведување и овозможува:
    - пристап до повеќе од 3.000 преведувачи на повеќе од 160 јазици
    - преведувачки услуги 24 часа дневно, 7 дена во неделата
    - врска со преведувач во рок од неколку минути.
- Претходно резервирано преведување преку телефон.
    - Ова е особено од корист за планирано преведување или ако ви треба преведувач за ретко користен јазик.